Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18; 168/18), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 36 став (1) точка 16 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21; 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

# **О Д Л У К А**
## **за спроведување јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 01-Француски гробишта, Тетовска трошарина и Парк 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024**

**Член 1**

Со ова Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 01-Француски гробишта, Тетовска трошарина и Парк 2, Општина Центар-Скопје, плански период 2019-2024.

**Член 2**

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневните весници „Слободен печат" и „Вечер" и на информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 3**

**Предлог-планот ќе биде изложен во Читална „Славко Јаневски"** на ул.„Димитрие Чуповски" бр.23, Скопје (во кулата до СУГС „Јосип Броз Тито" Центар) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.**
**Јавната анкета ќе трае 41 работен ден**, и тоа **од 20.07.2022 до 16.09.2022** година.

**Член 4**

**Јавната презентација ќе се одржи во Музејот на современа уметност** (ул.„Самоилова" бб, Скопје) **на ден 29.08.2022** година, **понеделник**, **во 10.00 часот**.

**Член 5**

Заинтересираните физички и правни лица можат да учествуваат на јавната презентација и јавната анкета, а во времетраењето на анкетата ќе можат, на анкетни листови, да доставаат забелешки и предлози по Предлогот на планот.

Бр. 09-567/12
12.07.2022 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**